Утрински
Весник

## Концерт и бурлескна претстава со Французите „Дуел“

Во рамките на „Скопско лето“, а во соработка со Францускиот културен центар, вечерва во Домот на АРМ во 21 часот, ќе се одржи концерт-претстава на составот "Дуел". Станува збор за двајца музичари, Лоран Сирад, виолончело и Пол Стајку, пијано, кои бурлескната претстава ја опишуваат како „судир" на двајца виртуози. Режијата на овој перформанс, кој доживеа огромен успех во театарот „Шанзелизе" во Париз, но и ширум светските сцени е на Ањес Бури. Настанот ќе го отворат министерот за култура, Арификмет Џемаили, амбасадорот на Франција, Бернар Валеро, како и амбасадорот на Романија, Адриан Стефан Константинеску.

В недела, пак, во Музејот на град Скопје во 20.30 часот, ќе се одржи концерт на Меѓународен камерен оркестар под диригентство на Тошио Јанагисава. Солист на виолина е Ерика Ханамура од Јапонија. На програмата се дела од Властимир Николовски, Моцарт и Вивалди. (Т.И.)




SKOPJE
23.06.2007